**Содржина на урбанистички планови, регулациски план на генерален урбанистички план, урбанистичко плански документации и урбанистичко проектни документации**

Содржината на урбанистички планови, регулациски план на генерален урбанистички план, урбанистичко плански документации и урбанистичко проектни документации ќе биде согласно **Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко проектни документации**.

Урбанистичките планови и урбанистичко-плански документации се состојат од:

1. **Документациона основа** во која се систематизирани податоци за постојната состојба во рамки на планскиот опфат, анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат, и
2. **Планска документација** во која се презентирани планските решенија и дефинирани сите плански одредби потребни за донесување и спроведување на планот.

Документациона основа и планска документација содржат: текстуален, нумерички и графички дел.

Проектот за инфраструктура се состои од:

1. Документациона основа во која се систематизирани податоци за постојната состојба во рамки на проектен опфат, анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат, и
2. Урбанистичко проектна документација или (проектни решенија) во која се презентирани сите урбанистичко проектни решенија.

Документациона основа и урбанистичко проектна документација содржат: текстуален, нумерички и графички дел.

Архитектонско урбанистички проект содржи : тек стуален и графички дел.